# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 5 | Понеделник, 31.03. 2008 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица:**

Стр.

**37.** **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисочниот плански регион.. 2

**38.** **Одлука** за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во град Струмица…………………….….… 2

**39.** **Повеќегодишна** инвестициона програма за воведување на штедливи светилки за улично осветлување во општина Струмица……………………….. 3

**40.** **Заклучок** за прифаќање на Иницијативата за утврдување најниска плата на вработените во јавните служби и администрацијата на Општина Струмица ……………………….. 5

**41.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2007 година ………………………… 6

Стр.

**42.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2007/2008 година …………………………… 6

**43.** **Заклучок** за усвојување на Информацијата за состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на општина Струмица – март 2008 година …………………….…. 7

**44.** **Заклучок** за усвојување на Извештајот за работа на Дом за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година ……………….………………………. 7

**45.** **Заклучок** за усвојување на Завршната сметка на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година ……. 8

**46.** **Заклучок** за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2007 година ……….……….. 8

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисочниот плански регион, донесена на

седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Број 08-1680/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………..

**37.**

Врз основа на член 24 точка 3 од Законот за рамномерен регионален развој ("Сл. весник на РМ". број 63/07) и член 20 став 1 точка 11 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**О д л у к а**
**за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион**

Член 1

Во Одлуката за основање на Центар за развој на Југоисточниот плански регион ("Сл. гласник на општина Струмица" број 16/07) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во член 6 точката 2 се брише "во областа на локалната самоуправа или во државната администрација".

2.Во член 6 точката 3 се брише: "од општествените науки (право, економија, политички систем, регионален развој и слично)";

3.Во член 7 точката 2 се менува и гласи: "управува со имотот на Центарот и е потписник на сметката на Центарот";

4.Во член 7 точката 3 се менува и гласи: "Го предлага годишниот финансиски план и завршната сметка на Центарот";

5.Во членот 9 на сите места каде го има зборот "Буџет" се брише и се заменува со зборот "Финансиски годишен план";

6.Во членот 10 зборот "предвидуваат" се брише и се заменува со зборот "планираат";

7.Во членот 11 по став 3 се додава нов став 4 кој гласи: "Центарот за развој на Југоисточниот плански регион има сметка во системот на трезорската сметка";

8.Во членот 15 се додава нов став 2 кој гласи: "До изборот на раководител на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион се овластува претседателот на Југоисточниот плански регион да ги презема обврските поврзани со регистрацијата на Центарот пред надлежните државни институции и останатите обврски утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и оваа Одлука".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1680/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во град Струмица

1. Се објавува Одлуката за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во град Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Број 08-1689/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

**38.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ". број 5/06) и член 20 став 1 точка 10 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**О д л у к а**
**за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќајот во град Струмица**

Член 1

Со оваа Одлука се означуваат условите и се утврдува режимот на сообраќајот во град Струмица, на дел од булевар "Гоце Делчев" во индустриската зона на излезот и влезот од урбанистичкиот опфат на градот од кон село Дабиле.

Член 2

Вертикална сигнализација се регулира на следниот начин:

На потегот Струмица – с. Дабиле знакот 374 – завршеток на населено место Струмица, со знакот 314 – престанок на ограничување на брзината 50 км/час, се преместуваат и се поставуваат кај раскрсницата за село Сачево.

Кај поранешен "Агропромет" се поставува сообраќаен знак 3107 – што означува предзнак за затварање на сообраќајна лента, односно завршување на една од сообраќајните ленти наменети за движење на возила во иста насока.

На потегот село Дабиле (индустриска зона) од раскрсницата со село Сачево кон Струмица, се поставува сообраќаен знак 373 – назив на населено место Струмица, со сообраќаен знак 244 – најмала дозволена брзина 50 км/час и сообраќаен знак 239 – забрана за запирање и паркирање.

Член 3

Хоризонталната сигнализација се регулира на следниот начин:

Од раскрсница до патот за село Сачево кон Струмица, со полна осовинска линија до влезот за Институтот за рано градинаркси култури. Влезот на Институтот се регулира со испрекинати линии, а потоа пак со полна линија до влезот на населбата позади ладилникот, а влезот за населбата со испрекинати линии.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1689/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Повеќегодишната инвестициона програма за воведување на штедливи светилки за улично осветлување во општина Струмица

1.Се објавува Повеќегодишната Инвестициона програма за воведување на штедливи светилки за улично осветлување во општина Струмица, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Број 08-1688/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

**39.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 13 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**Повеќегодишна инвестициона програма за воведување на штедливи светилки за улично осветлување во Општина Струмица**

Согласно националната програма за штедење на енергија, согласно состојбите со дефицит на електрична енергија во регионот, а следејќи ги тенденциите на современите европски градови, Советот на општина Струмица ја донесе оваа Повеќегодишна инвестициона програма за замена на постојните живини светилки со штедливи светилки.

Инвестиционата програма НЕ ПРЕДВИДУВА ТРОШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА за реализација на оваа програма. Инвестицијата во новите светилки би се исплатила од средствата заштедени од потрошувачката на електрична енергија од светилките за улично осветлување. Рокот за отплата не смее да биде подолг од 3 (три) години, значи од вкупната заштеда на енергија да се исплати вкупната инвестиција.

Оној кој ќе понуди пократок рок за отплата на инвестицијата, а не подолг од 3 (три) години, поштедливи светилки со подолга гаранција за светилките и истовремено поевтини, согласно тендерска јавна процедура би го добил овој проект.

Општината Струмица годишно има приход од околу 16.800.000 денари од комунална такса за улично осветлување. Општина Струмица годишно за потрошена енергија за улично осветлување троши околу 11.500.000 денари. Разликата од 5.300.000 денари е проектирана во буџетот за нови капитални инвестиции за нови улични светилки.

11.500.000 денари е вкупната сума на пари која се троши годишно за

електрична енергија за улично осветлување и од таа вредност може да се зборува за било каква заштеда.

Постојат повеќе понуди до Општината за замена на живините светилки со штедливи светилки од неколку фирми:

- Квазар од Киев,Украина
- Лира од Скопје, Р.Македонија
- Минел-Шредер од Р.Германија
- ЛВД од Р.Германија и други

Понудите кои ги даваат се однесуваат на: заштеди од 40% до 90%; вредноста на инвестициите во нови светлосни тела се движат од 13.000.000 до 18.000.000 денари; гаранцијата на светилките се движат до 2 до 10 години и слично.

Општината ги има во моментот следните видови на улични светилки:

- 2304 светилки
  од по 125 W = 288.000 W
- 60 светилки
  од по 250 W = 15.000 W
- 146 светилки
  од по 400 W = 58.400 W

вкуоно: …….2510 светилки
вкупно: 361.400 W или 361,4 KW

Следуват примери:

1. Со замена на светилки кои трошот 30% од постојаната потрошувачка би добиле годишно заштеда од 8.050.000 денари или за три години 24.150.000 денари.
2. Со замена на светилки кои трошат 40% од постојаната потрошувачка би добиле годишна заштеда од 6.900.000 денари или за три години 20.700.000 денари.
3. Со замена на светилки кои трошат 50% од постојаната потрошувачка би добиле годишна заштеда од 5.750.000 денари или за три години 17.250.000 денари.

Тендерот би бил со поврзан услов. Зависност од гаранцијата на заштедата од понудувачот и вкупната вредност на инвестицијата од една страна со вкупниот рок за отплата и гарантниот рок на нивната употребна вредност од друга страна. Со оваа условеност ќе се добие и најповолниот понудувач.

Преку ваков тендер Општина Струмица нема да потроши ниту еден денар од сопствениот буџет за реализација на оваа инвестиција за замена на постојните светилки со штедливи светилки, а по истекувањето на рокот за отплата (кој не би бил подолг од 3 години) Општината трајно би имала дополнителни средства од заштеда на енергија кои средства би можеле да се употребат за решавање на дополнително поголем број проблеми во обем на граѓаните од досегашниот број на решени проблеми.

Заклучоци:

1. Се задолжува општинската администрација на Општина Струмица да распише јавен тендер согласно Законот за јавни набавки за реализација на оваа програма со следните критериуми:

а. 80 поени од можни 100 за понуда која нуди најповолна комбинација од најголема заштеда на електрична енергија, висината на инвестицијата и временски рок за враќање на инвестицијата.
б. 20 поени од можни 100 за понуда која дава највисок гарантен рок за употребната вредност, трајноста и квалитетот на светилките.
ц. се разгледуваат само понуди кои ќе потврдат дека новите светилки ги има во промет во Р.Македонија.
д. се разгледуваат само понуди кои нема да предизвикат дополнителни трошоци на општината за реализација на овој проект, односно понудувачот својата инвестиција ќе ја наплаќа од општината со месечни рати кои би биле во висина на заштедената електрична енергија, а не подолго од временскиот рок даден во подточка а) од овој јавен повик.

2. Општината да почне со реализација на оваа Програма не подоцна од 30 денови од донесувањето на овие заклучоци.

3. Постојната програма за одржување на уличното осветлување останува во важност заради постоење на можност од неуспешен тендер за реализација на оваа повеќегодишна инвестициона програма и заради потребата од замена на други елементи од светлосното тело.

Оваа Програма влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1688/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за утврдување најниска плата на вработените во јавните служби и администрацијата од Општината

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за утврдување најниска плата на вработените во јавните служби и администрацијата од Општината, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Бр. 08-1681/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………….

## 40.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ". број 5.02) и член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година расправајќи по Иницијативата на советничкат група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, донесе

**З а к л у ч о к**

1. Се прифаќа Иницијативата за утврдување на најниска плата на вработените во јавните служби основани од Општината и администрацијата на општината во износ од 8.100,00 денари.

2. Се задолжуваат органите на управување и раководење на јавните служби и Градоначалникот на општина Струмица веднаш да преземат неопходни активности и мерки за зголемување на минималните плати до износ од 8.100,00 денари и соодветно усогласување на платите на другите категории вработени кои не надминуваат 10.000,00 денари.

3. Градоначалникот на општина Струмица да поднесе информација за состојбите со платите на вработените во јавните служби основани од Општинската администрација кои примаат под 8.100,00 денари и да направи проценка за финансиското оптоварување и одразот на финансиското работење на јавните служби на Општината и соодветно на тоа да предложи измени на Буџетот на општината, доколку е потребна финансиска помош на јавните установи за реализација на овие заклучоци.

4. Се задолжуваат Градоначалникот на општина Струмица и органите на управување и раководење на јавните служби основани од Општината веднаш да ги спроведат овие заклучоци.

5. Овој заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1681/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Бр. 08-1682/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

## 41.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистем текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за периодот од 01.01. до 31.12.2007 год.**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Одделението за администрирање приходи (локални даноци и такси) за период од 01.01. до 31.12.2007 година.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1682/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

...........................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2007/2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2007/2008 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Број 08-1683/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

........................

## 42.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во Општина Струмица во зимски услови за 2007/2008 година**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за одржување на улиците во град Струмица, како и локалните патишта во општина Струмица во зимски услови за 2007/208 година.

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1683/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

.....................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на општина Струмица – март 2008 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на општина Струмица – март 2008 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Број 08-1684/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

.....................

## 43.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Информацијата за состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на општина Струмица – март 2008 година**

1. Се усвојува Информацијата за состојбата на хоризонталната и вертикалната сигнализација на подрачјето на општина Струмица – март 2008 година.

2. Одделението за комунални работи при Секторот за урбанизам и комунални работи во соработка со Министерството за внатрешни работи и Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот, да го разгледаат режимот на сообраќај во градот Струмица и врз основа на изнесените забелешки од Комисијата за јавна безбедност, безбедност на сообраќајот и противпожарната заштита и свои согледувања за состојбите на одделни улици, да предложат Одлука за означување на условите и утврдување на режимот на сообраќај, со која ќе се подобри сообраќајниот режим во градот.

3. Министерството за внатрешни работи Струмица да презема ригорозни мерки спрема неправилно паркираните моторни возила, што секојдневно ги има како на улиците така и на тротоарите низ градот.

4. Секторот за урбанизам и комунални работи да достави Информација за поставувањето билборди низ улиците на градот, со податоци за тоа кој го одобрува и контролира нивното поставување, начинот на наплата и колку средства од тоа се прибираат за Општината.

5. Надлежните органи да преземаат ригорозни мерки спрема учесниците во вандалското однесување кон сообраќајната сигнализација.

6. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр.07-1684/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Дом за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Бр.08-1685/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………

## 44.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Извештајот за работа на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмциа за 2007 година**

1. Се усвојува Извештајот за работа на Домот за деца и млади "Благој Мучето" Струмица за 2007 година , донесен од Управниот одбор на Домот на седницата одржана на 22.02.2008 година..

2.Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1685/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

……………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник

на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Бр. 08-1686/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

……………………

## 45.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Завршната сметка на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на Домот за деца и млади “Благој Мучето” Струмица со финансов извештај за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр.07-1686/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2007 година

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2007 година, донесен на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 28.03.2008 година.

Бр. 08-1687/2 Градоначалник
31.03.2007 год. на општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

…………………

## 46.

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06 – пречистен текст), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 28.03.2008 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за усвојување на Завршната сметка на ЈОУДГ “Детска Радост” Струмица за 2007 година**

1. Се усвојува Завршната сметка на Јавната општинска установа Детска градинка “Детска Радост” Струмица за 2007 година.

2. Овој заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1687/1 Совет на општина Струмица
28.03.2008 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.